# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2022 – 2023 ГОДИНА СОГЛАСНО СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022 – 2027 ГОДИНА

Врз основа на барањето за Извештај од Министерството за труд и социјална политика за труд и социјална политика на РСМ за реализирани активности во 2022 и 2023 година согласно Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година, координаторот за еднакви можности во Општина Гевгелија го подготви следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализирани активности на Општина Гевгелија во периодот 2022 – 2023 година согласно Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година.

## 2022 година:

**Општа цел 1: Воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и на локално ниво**

1. Координатор за еднакви можности, Љубица Карајанова и заменик-координатор за еднакви можности, Ката Ристова

2. Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 г.

3. Формирана Интерсекторска група за родово-одговорно буџетирање

4. - Обука за родови индикатори и мерење на резултати, во организација на UN Women (1-3 јуни 2022 г.);

- Обука за мониторинг на програми од родова перспектива, во организација на UN Women (21 - 23 септември 2022 г.);
- Обука за креирање на родово-сензитивни локални програми, во организација на UN Women (19 - 21 октомври 2022 г.);
- Обука на тема „Превенција и заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, организирана од ЗЕЛС (15 ноември 2022 г.);
- Обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип (13.12.2022 г.)

- Во Општина Гевгелија, на 13.12.2022 година, беше спроведена обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип. Обуката, наменета за општинската администрација, како и за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, се реализираше во рамки на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2022 година. Имено, при подготовката на Програмата за 2023 година преку Методологијата за родово-одговорно буџетирање беа утврдени приоритетните области и цели, можните решенија и облици на делување и дефинирани родово-сензитивни индикатори од работните групи, како пример за подготовка и на останатите програми кои ги носи Советот на Општина Гевгелија.

**Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот сектор**

Градоначалник на општина Гевгелија – М-1
Претседател на Совет на Општина Гевгелија – М-1
Членови на Совет на Општина Гевгелија – М-12 Ж-7
Раководители на Сектори во Општина Гевгелија – М-1 Ж-1
Раководители на Одделенија во Општина Гевгелија – М-3 Ж-7
Вработени во општинска администрација – М-48 Ж-36
Директори на образовни институции – М-2 Ж-4
Директори на културни институции – М-2 Ж-2
Директори на установи за деца – Ж-1
Директор на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – М-1

- Финансиска поддршка на културни институции, самостојни уметнички и НВО-и со застапеност на жени: ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, КУД „Танец“- Миравци, КУД „Негорци“- Негорци, ЗКУД „Браќа Толеви“- Прдејци, Ансамбл „Бојмија“- Гевгелија, Тања Трајкова, ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци, ЗЛУРК „Арт Еквилибриум“- Гевгелија, Мери Олумчева, Теодора Гошева, Викторија Јованова, Здружение на слепи лица- Гевгелија, КУД „Распеани гевгеличани“- Гевгелија, Сузана Стефанова, ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија, Моника Јовановска, Ана Петрова

- Финансиска поддршка на женски спортски клубови, жени спортиски и клубови со застапеност на жени: ЖРК „Гевгелија“- Гевгелија, ЖРК „Ветерани Југ“- Гевгелија, Тина Сламкова, Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Слободанка Лозановска, Тина Сламкова, ЗПСК „Кожуф“- Гевгелија, ПСК „Двете уши“- Гевгелија, АК „7 Ноември“- Гевгелија, Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, Општински сојуз на училишен спорт- Гевгелија, Танцово студио „Мистик“- Гевгелија, Здружение на слепи лица- Гевгелија. ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија

- Финансиска поддршка на ранливи категории- граѓани

| ***Активност 1*** | ***Поднесени барања / корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија*** | *148 / 133* | *76/68* | *72/65* | ***594.000 ден.*** |

| ***Корисници на еднократна парична помош по категории*** | ***вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| *Невработени* | *30* | *20* | *10* |
| *Корисници на право на гарантирана минимална помош* | *21* | *12* | *9* |
| *Родители на лица со посебни потреби* | *5* | *2* | *3* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Здравствена причина* | *77* | *34* | *43* |

*Во текот на 2022 година, до Општина Гевгелија пристигнале 133 барања за исплата на еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 133 лица, жители на општина Гевгелија, од кои, 68 мажи и 65 жени, им е исплатена еднократна парична помош во висина од вкупно 594.000 денари. Најголем број од доставените барања се однесуваат за помош при лекување.*

| ***Активност 2*** | ***вк. број корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***вкупно исплатени средства (Буџетска програма Д0- Градоначалник)*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија*** | *25* | *12* | *13* | *72.748 ден.* |

Општина Гевгелија во 2022 година субвенционираше 25 лица корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода, која не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 13 жени и 12 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.

| ***Активност 3*** | ***вк. број корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***издвоени средства (Буџетска програма Е0- Општинска администрација)*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија*** | *12* | *11* | *1* | *700.600 ден.* |

Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 700.600 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 12 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 10 машки и 1 женско.

- Стипендирање студенти во прва година запишани на Медицинските факултети- Општа медицина за академската 2021/2022 година - Ж- 5

**Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет**

1. Општина Гевгелија, во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија и ЈОУ Градска библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, распиша Конкурс за есеј и Ликовен конкурс на тема: „Женски права“, како реализација на една од активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите. Конкурсот


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

за есеј на тема: „Женските права во 21 век“ беше наменет за учениците од I до IV година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, додека Ликовниот конкурс на тема: „Женски права“, беше наменет за ученици од VI до IX одделение, во гевгелиските основни училишта. За оценување на пристигнатите есеи и цртежи, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија со Решенија беа формирани стручни комисии. Решенија за исплата на паричните награди, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Литературното читање во ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, кој се одржа на 3.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Додека, решенија за исплата на паричните награди, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Ликовната изложба во Клуб-галеријата при Народен театар- Гевгелија, која се одржа на 14.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија се приклучија во глобалната Кампања: „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“ за одбележување на 25 Ноември, Меѓународниот ден за борба против семејното насилство врз жената. За таа цел, на јавните места, информативните табли и локалните институции во Гевгелија беа истакнати транспаренти со пораки за подигање на свеста и можноста за спречување на семејно насилство врз жената, но и спречување на семејно насилство воопшто, и врз мажите и децата.

**<u>2023 година:</u>**

**Општа цел 1: Воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и на локално ниво**

1. Координатор за еднакви можности, Љубица Карајанова и заменик-координатор за еднакви можности, Ката Ристова

2. родово-сензитивни програми:

- Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 г.
- Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2023 г.
- Програма за финансиска поддршка на проекти и програми од областа на културата од значење на општина Гевгелија за 2023 г.
- Програма за финансиска поддршка на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 г.
- Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 г.

3. родово-разделени податоци:

- Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година
- Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштитата на децата за 2022 година

4. Одржана јавна дебата во Општина Гевгелија на тема: „Улогата на граѓанскиот сектор во воведување родово-сензитивни процедури и практики при подготовка на општинските програми“ во рамки на проектот: „Женски леќи“, чиј имплементатор е Рурална коалиција- Кичево, а во организација на подгрантистот РЦОР- Гевгелија (17 февруари 2023 г.)

5. - Обука за родова анализа и креирање локални програми, во организација на UN Women Скопје (12-14 јули 2023 г.)
- Обука за родови индикатори во локални програми и мерење резултати, во организација на UN Women Скопје (13-15 септември 2023 г.)

6. Работилница на тема во организација на Општина Гевгелија: Јакнење на капацитетите на општинската администрација за спроведување на процеси за креирање на родово одговорни политики и подготовка на Методологија за родово-одговорно буџетирање (30 октомври 2023)

**Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот сектор**

Градоначалник на општина Гевгелија – М-1
Претседател на Совет на Општина Гевгелија – М-1
Членови на Совет на Општина Гевгелија – М-12 Ж-7
Раководители на Сектори во Општина Гевгелија – М-1 Ж-1
Раководители на Одделенија во Општина Гевгелија – М-4 Ж-6
Вработени во општинска администрација – М-48 Ж-36
Директори на образовни институции – М-2 Ж-4
Директори на културни институции – М-2 Ж-2
Директори на установи за деца – Ж-1
Директор на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – М-1

- Финансиска поддршка на културни институции, самостојни уметнички и НОВ-и со застапеност на жени: ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, КУД „Танец“- Миравци, КУД „Негорци“- Негорци, ЗКУД „Браќа Толеви“- Прдејци, Ансамбл „Бојмија“- Гевгелија, ЗЛУРК „Арт Еквилибриум“- Гевгелија, Теодора Гошева, Здружение на слепи лица- Гевгелија, КУД „Распеани гевгеличани“- Гевгелија, Сузана Стефанова, ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија, Ана Петрова, Гордана Петрова, Митра Ристовска, ЗГ „Внимание“, ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија, ЗГ Градски мешан хор „Гортинија“, Магда Ангова, Драгица Дагалева.

- Финансиска поддршка на женски спортски клубови, жени спортиски и клубови со застапеност на жени: ЖРК „Гевгелија“- Гевгелија, ЖРК „Ветерани Југ“- Гевгелија, Тина Сламкова, Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Слободанка

Лозановска, Тина Сламкова, ЗПСК „Кожуф“- Гевгелија, ПСК „Двете уши“- Гевгелија, АК „7 Ноември“- Гевгелија, Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, Општински сојуз на училишен спорт- Гевгелија, Танцово студио „Мистик“- Гевгелија, Здружение на слепи лица- Гевгелија. ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија

- Финансиска поддршка на ранливи категории- граѓани

| ***Активност 1*** | ***Поднесени барања / корисници*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| ***Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија*** | *123* | *58* | *65* |

| ***Корисници на еднократна парична помош по категории*** | ***вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| *Невработени* | *17* | *10* | *7* |
| *Корисници на право на гарантирана минимална помош* | *22* | *9* | *12* |
| *Родители на лица со посебни потреби* | *5* | *1* | *4* |
| *Здравствена причина* | *79* | *38* | *41* |

Во текот на 2023 година, до 15 ноември, во Општина Гевгелија пристигнале 123 барања за исплата на еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 123 лица, жители на општина Гевгелија, од кои, 58 мажи и 65 жени, им е исплатена еднократна парична помош. Најголем број од доставените барања се однесуваат за помош при лекување.

| ***Активност 2*** | ***вк. број корисници*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| ***Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија*** | *25* | *13* | *9* |

Општина Гевгелија во 2023 година, до 15 ноември, субвенционираше 25 лица корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода, која не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 3 жени и 12 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.

| ***Активност 3*** | ***вк. број корисници*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| ***Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија*** | *12* | *9* | *3* |

Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 700.600 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка се 12 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 9 машки и 3 женски.

- стипендирање студенти запишани во прва година на Медицинските факултети- Општа медицина и Електротехничките и Машинските факултети за академската 2022/2023 г.

Медицински факултети – М-2 Ж- 3
Машински факултети – М- 4 Ж- 0

**Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет**

1. Формиран мултисекторски тим на заедниците за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на семејно насилство преку ЕХО- Едукативно-хуманитарна организација од Штип

2. Одржана правна сесија во Општина Гевгелија на тема: „Како до бесплатна правна помош во случаи на семејно насилство и насилство врз жени" во рамки на Проектот: „Зајакнување на правните услуги за жени и девојки изложени на насилство во Југоисточниот и Пелагонискиот Регион", којшто го имплементира ЕХО- Штип, финансиран од Европската Унија и Шведска (24 април 2023 г.)

3. - Трет квартален состанок на Мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на семејно насилство, во организација на ЕХО-Едукативно-хуманитарна организација од Штип (3 октомври 2023 г.)
- Работилници „Вмрежување и развој на вештини за тимска работа за членовите на мултисекторските тимови" и „Вовед во моделот на интегративен мултисекторски пристап за воспоставување мрежна соработка помеѓу МТС од трите региони (Источен, Југоисточен и Пелагониски Регион), во организација на ЕХО-Едукативно-хуманитарна организација од Штип (8-10 ноември 2023 г.)

4. Снимање филм со информативно-едукативна содржина за жени жртви на семејно насилство

5. Изработка на мурал со тема семејно насилство врз жени

бр. 14-1768/2
20.11.2023 г.
Гевгелија

**Љубица Карајанова,**

координатор за еднакви можности
во Општина Гевгелија
**с.р.**